До:
Генерален секретар на Влада на Република Македонија
Г-н Кирил Божиновски
Генерален Секретаријат - Влада на Република Македонија

**Предмет: Барање за промена на постапката за избор на членови на Совет од редот на граѓанскиот сектор и избор на претседател на Советот во предлог-Одлука за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор**

Скопје, 10.02.2015 година

Почитуван г. Божиновски,

Како граѓански организации кои со досегашното работење многупати сме го истакнале и потврдиле интересот за развиен граѓански дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанските организации, ви се обраќаме со цел да ја истакнеме нашата загриженост за предложеното решение во новиот текст на предлог - *Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор* кое се однесува на изборот на членови на Советот од редот на граѓанските организации. Имено, **најновата верзија на предлог-Одлуката (јануари 2015) содржи измени кои оневозможуваат формирање на Совет во согласност со принципите на репрезентативност и легитимност.** Постапката за избор на членови на Советот од редот на граѓанскиот сектор, наместо преку јавно и директно гласање од страна на здруженија и фондации како што беше предвидено во првата предлог-Одлука (новември 2014) и прифатено од страна на граѓанските организации во претходниот консултативен циклус, ќе се врши посредно преку Комисија за избор на членови на Советот (нов Член 8, 9 и 10). Оваа Комисија ќе биде формирана од страна на Генералниот Секретар на Владата и ќе биде составена од девет (9) члена, од кои пет (5) се вработени во органи на државна управа (ОДУ), а четири (4) члена ќе се од здруженија и фондации. Понатаму, во новиот текст на предлог-Одлуката, претседателот кој ќе биде од редот на граѓанското општество, ќе го бира Владата (член 3, став 4), додека пак заменик на претседателот ќе се бира од страна на Советот од редовите на ОДУ (Член 3, став 5).

Долупотпишаните организации, сметаме дека со воведување на Комисијата во која доминираат претставници на ОДУ, а целта на таа Комисија е да биде носител на постапката за избор на членовите на Советот од редот на здруженијата и фондациите, ќе бидат загрозени основните приницпи и вредности кои се темел на соработката помеѓу Владата и граѓанскиот сектор дефинирани во глава IV од *Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017)*. За потсетување, овие принципи се: заемна доверба, партнерство, независност, плурализам, учество, транспарентност (јавност), одговорност, еднакви можности и недискриминација.

Имајќи го предвид горенаведеното со овој допис бараме:

1) **Изборот на членовите во Советот од редот на граѓанскиот сектор да биде спроведен преку јавно и директно гласање од страна на здруженијата и фондациите, како што беше предложено во Членот 8 од првата верзија на предлог-Одлуката објавена на интернет страната на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.mk). Притоа, сметаме дека актерите од граѓанското општество имаат неприкосновено право да ги бираат претставниците кои ќе ги застапуваат нивните интереси во Советот,**

2) **Претседател исто како и замник Претседателот на Советот да се бира од страна на Советот, а не од Владата (член 3, став 4). Претседателот на Советот е прв меѓу еднаквите (primus inter pares) и е одговорен за водење и координирање на работата на Советот. Исто така, бројот на членови од редовите на здруженија и фондации да е поголем од број на членови од ОДУ како што стои и во првата предлог-Одлука. Само со овозможување на Совет каде граѓанските организации имат можност да ги изразат своите заеднички потреби и интереси Владата докажува спремност за доследно почитување на принципите од Стратегијата.**

Тргнувајќи од досегашниот партиципативен процес обезбеден од ваша страна при подготовка на предлог-*Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор* (од ноември до декември 2014), се надеваме дека вашата отвореност за прифаќање на нашите предлози ќе продолжи и ќе наидеме на разбирање и на доследно почитување на вредностите и принципите за соработка на Владата и граѓанскиот сектор зацртани во *Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017).*

Во име на организиаторот на иницијативата,
Тања Ханфер Адеми
Извршен директор
Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН)

Бр. 08-38/4-2015
МиВ/ТХА

Листа на организации потписнички на писмото (по азбучен ред):

1. Affinity Group of National Associations (AGNA)[1]
2. А.Б.А.Т. БАЛКАНИЈА – Скопје Балканска асоцијација за алтернативен туризам
3. Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ)
4. Асоцијација за напредок, едукација и лобирање НЕЛ Скопје
5. Асоцијација за развој на вредностите на обединетите нации СУНА - Скопје
6. Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија „Женска акција“ Радовиш
7. Балканска мрежа за развој на граѓанско општество – БЦСДН
8. Еколошко друштво „ Кајмакчалан“ с. Маково о.Новаци
9. Екоскоп
10. Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
11. Женска граѓанска иницијатива „КЛЕА“ Битола
12. Заедницата на Хрвати во Република Македонија
13. Здружение Досер Глобал Битола
14. Здружение за заштита на животна средина, културно-историските знаменитости и човековото здравје “Извор“- Кратово
15. Здружение за заштита на животните и животната средина ЕДЕН Скопје
16. Здружение за културно економски развој и поврзување, Јавна соба Скопје
17. Здружение за поддршка на развојот на граѓанското општество и локалните заедници ХОРУС Скопје
18. Здружение за развој на туризам Туристичка Иднина Пробиштип
19. Здружение за унапредување на меѓусебна доверба ТАКТ, Скопје
20. Здружение за ЦИСТИЧНА ФИБРОЗА Скопје
21. Здружение Јустиција
22. Здружение Конект
23. Здружение на Воздухопловно-Техничкиот Персонал во Системот на Контрола на Летање на Република Македонија (ЗВТПСКЛМ)
24. Здружение на граѓани за мотивација и развој на комуникации ДИЈАЛОГ Скопје
25. Здружение на граѓани Интернет Хотлајн Провајдер-Македонија
26. Здружение на граѓани „Коалиција за одржлив развој - КОР“ од Скопје
27. Здружение на граѓани Центар за демократски развој и интеграција Тетово
28. Здружение на граѓани Центар за развој и унапредување на јавниот живот Тетово (ЗГ ЦРУЈЖ Тетово)
29. Здружение на жени ,,ЛУНА“, Македонски Брод
30. Здружение на инвалиди на трудот- Радовиш
31. Здружение на Роми „АВЕНА“ од Кочани
32. Здружение на Ромите Черења Штип

[1] Affinity Group of National Associations (AGNA) ги здружува националните асоцијации од целиот свет кои се борат за создавање на овозможувачка околина за развој на граѓанското општество на национално ниво. АГНА во моментот има 58 национални асоцијации со претставници од Африка, Азија, Карибите, Европа, Латинска Америка, Северна Америка и Пацификот. За повеќе информации:.http://civicus.org/index.php/en/what-we-do-126/2014-04-25-04-30-12/agna

33. Здружение на судска администрација на Република Македонија
34. Здружение НОРА - Невладина Организација за Ревматизам и Артритис Скопје
35. Здружение „Отворете ги прозорците“
36. Здружение „ПРО МЕДИА“ – Скопје
37. Здружение РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА – Куманово
38. Здружение „Студентска организација Излез“
39. Здружение „Хендикеп Плус“- Група за подршка на лица со хендикеп
40. Здружение Центар за лековити билки и шумски плодови „Амброзија“
41. Здружение Центар за одржлив развој на заедницата од Дебар
42. Здружение Центар за развој на заедницата Кичево
43. ЗИП Институт
44. ЗОПЕ "Мелагро" Битола
45. Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје -ИДСЦС
46. Институт за европска политика – Скопје
47. Импакт - Институт за истражување и општествени иновации
48. Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“
49. ЛАГ АГРО ЛИДЕР Кривогаштани
50. Либерален алтернативен институт – ЛАИ Тетово
51. Либерта Институт – Центар за политички и економски истражувања
52. Локомотива- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата
53. Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС
54. Македонско еколошко друштво
55. Македонско научно здружение за аутизам
56. Младинска Алијанса Тетово
57. Национален младински совет на Македонија (НМСМ)
58. НВО - Новинари за човекови права
59. НВО – Профицио мултиетничка толеранција преку економски просперитет
60. Организацијата на жени на Општина Битола-Битола
61. Организација на жени на општина Свети Николе
62. Организацијата на жени „Цвет“ од Крушево
63. Подружница на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) – Скопје
64. РСПЗ "Via Ignacija" Битола
65. Сојуз на дефектолози на Република Македонија
66. Сојуз на извидници на Македонија
67. Фондација за интернет и општество Метаморфозис
68. Фондација за развој на локалната заедница Штип
69. Фондација Македонски дарителски регистар (МКДР)
70. Фондација НВО Инфоцентар Скопје
71. ФОРУМ Центар за стратегиски истражувања и документација
72. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите (ХДЗР) “Месечина” – Гостивар
73. Центар за економски и социјален развој - ЦЕСОР
74. Центар за истражување, меѓугранична соработка и развој
75. 4х4х4 Балкански мостови – Скопје